За Станица П.Е.Т.

Здружение за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА П.Е.Т. е основано во септември 2018, а започна со активна работа во јануари 2019 година.
Самиот термин “станица” е место каде што луѓето секогаш можат да се обратат, а зборот “ПЕТ” е акроним и означува правна едукација и транспарентност. Ова значи дека ова здружение е место каде сите граѓани можат да бидат правно едуцирани и да побараат помош, но и транспарентност и отчетност од институциите.

Визија

Овозможен пристап до правда за секој граѓанин.

Мисија

Да се остварат правните потреби на граѓаните преку поттикнување на отвореност и соработка на институциите.

ЦЕЛИ!

Основните цели кон кои е насочена нашата работа и дејствување се:

- Да им се овозможи едукација и асистенција на граѓаните во насока на остварување на нивните права, со фокус кон ранливите и маргинализирани групи, посебно кон Ромите, во делот на здравствени и социјални права.
- Да се поттикнат институциите на системот на транспрантност и одговорност во работата, прилагодена спрема потребите на граѓаните.
- Да се промовира еднаквост на граѓаните по сите основи, преку преземање на активности за превенција и заштита од дискриминација.
- Да се поттикнат физичките и правните лица за нивно вклучување во акции од хуманитарен карактер, со цел намалување на сиромаштијата.
- Да се овозможат услови за мултиетничка и социјална кохезија и делување преку вклучување на лица од различни етнички, географски и социјален профил како можност да се постигне реален и ефективен придонес за позитивни општествени промени.
- Да се придонесе кон постигнување на родова рамноправност и справување со постојните нееднаквости помеѓу мажите и жените, во насока на унапредување на вклученоста на жените во општествените процеси.

нашите активности низ фотографии





















Правна помош

- правни совети
- упатување
- пополнување на документација
- правна асистенција на граѓаните во остварување на здравствени, социјални права, права од земјоделска дејност, домување, лична документација и сл.

Параправна помош

- телефонска линија „Повикај итна параправна помош“ активна 24/7
- 4 параправници за општините: Прилеп со Мариовскиот регион, Кривогаштани и Долнени
- 3 мобилни канцеларии во с. Ропотово, с. Кривогаштани и с. Витолиште

Здравствени промотори

- **22** лица од заедницата кои даваат помош и поддршка при остварување на здравствени права
- 24/7 телефонска линија „Повикај здравствен промотор“

Социјално претпријатие Клуб П.Е.Т.



- изнајмување на простор за секаков вид настани (средби, тркалезни маси, индивидуална работа, обуки, семинари и сл.)

Работно време:
секој работен ден
08:00 - 16:00 часот

Контакт:

Прилепски бранители бр. 24/1 - мезанин
7500 Прилеп, РС Македонија

+389 76 278 753

+389 48 620 900

stanicapet@gmail.com

www.stanicapet.org.mk

@Станица П.Е.Т.

@stanicapet

СТАНИЦА П.Е.Т.
ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПРАВНА ЕДУКАЦИЈА И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Здружение за правна едукација и транспарентност Станица П.Е.Т.

„Ако правото не е достапно за сите тогаш и правдата не е достапна за сите. А ако правдата не е достапна за сите, таа не е право туку привилегија!“